**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Јакимовска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Гостивар и Кичево**
**ул. Никола Тесла бр. 1**
**тел. 042 221-510**

**Образец бр.66**

**И.бр.630/24**

Извршителот **Весна Јакимовска** од **Гостивар** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Еуростандард Банка АД Скопје-во стечај** , засновано на извршната исправа оду.бр.474/14 од 25.7.2014 на нотар Тасим Саити, против должникот **долж.Едон Јашаревиќ, Лулзим Јашаревиќ, зал.долж.Теута Ахмети** , за спроведување на извршување , на ден 04.12.2024 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:стан на **КП.бр.4632 дел.0,**адреса Младен Груески ,вл.1,кат 1,бр.2 намена ст.површина **107 м2**, запишана во **имотен лист бр.75118** за КО Гостивар 2 сопственост на **зал.долж.Теута Ахмети**.

Продажбата ќе се одржи на ден 26.12.2024_година во 12,00_часот во просториите на извршител Весна Јакимовска на ул. Никола Тесла бр. 1 Гостивар.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот од 12.11.2024 година, изнесува **5.730.965,00** денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености хипотека. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200001513764435 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5007007126851.На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од __15__дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска

Д.-на: доверител,Заложен должник

Општина Гостивар

Архива на извршител

________________

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.